Под-комисија за Промоција и
Заштита на Малцинствата
Педесет и петта сесија
Работна Група за Малцинства
Деветта сесија, 12 – 16 мај 2003
Женева
Точка на агенда: 3а

ХЗРМ „Сонце“
151 бр. 34, 1200 Тетово
Македонија
Тел/Факс: ++ 389 44 337 123
E-mail:khamnrp@sonet.com.mk

Ви благодарам г-дине Претседавач,

Моето име е Надир Реџепи и јас доаѓам од Македонија. Го претставувам Хуманитарното Здружение на Ромите во Македонија „Сонце“, НВО со седиште во Тетово, Западна Македонија.

Од осамостојувањето на државата, ромската популација во Македонија се соочува со тивка или скриена дискриминација од страна на институциите во практиката и спроведувањето на законскtата регулатива, што стана поотворено и поочигледно после војната. Исто така, постои селективен однос од страна на институциите, особено од полицијата, како на локално, така и национално, во однос на многу нерешени случаи на несоодветен третман на Ромите. Сега ќе ви дадам и неколку примери:

За време на вооружениот конфликт во 2001, Шереф Адеми, таксист Ром од Тетово, бил сопрен од полициска контрола и брутално бил истепан од страна на полицијата. Тој смета дека е истепан поради неговото етнички албанско презиме. Бил тепан од група од 8 полицајци. Потоа успеал со таксито да стигне до Тетово, каде неговите повредени раце биле ставени во гипс во болницата. Тој се жалел на ваквиот несоодветен третман до началнијот на полицијата во Тетово кој му се извинил. Амнести Интернешнал – Лондон испрати ургенција до владините тела со која ги повикува да покренат истрага и да обезбедат излегување на одговорните полицајци пред институциите на правдата, меѓутоа досега нема превземено никакви мерки.

Друг инцидент се случи во февруари 2003 во Куманово, каде двајца Роми се уапсени и одведени во полициската станица под обвинение дека украле пари од црквата. Тие биле насилно одведени од нивните домови, без предупредување, а едниот од нив бил и истепан пред очите на неговите 3 деца и соседите. Полицијата ги малтретирала повеќе од 4 часа, тепајќи ги со дрвени стапови, што е и докажано со медицински уверенија. Ја поздравуваме акцијата на Министерот за Внатрешни Работи во казнувањето на полицајците, но сметаме дека намалувањето од 10% од месечната плата е незначајно и дека на казната би требало да и се даде публицитет за да се обезбеди предупредувачки ефект.

Сличен инцидент се случи во Прилеп, каде полицијата запрела 3 Роми поради немање лични карти. Тие биле држани во полициската станица 4 часа и биле расистички навредувани и малтретирани со намера да потпишат документ во кој се кажува дека нема да се жалат на полицискиот однос, после чие потпишување биле ослободени. Полицискиот извештај вели дека биле задржани само еден час и дека биле третирани во согласност со законите. Тројцата поднеле официјални жалби, меѓутоа нема поведено истрага.

Случајот на бившиот ромски пратеник, г-дин Амди Бајрам покажува прекршување на член 14.1 и 15.1 од МКГПП. Покрај фактот дека судијата на случајот сметаше дека нема опасност тој да избега, советот на судии донесе одлука да го одбие барањето за одредување кауција, после првичниот притвор од 30 дена. Конечната пресуда беше 7 години затворска казна.

Овој случај значи повреда на член 1.1 од Декларацијата за Малцинства во кој се вели дека државите ќе го штитат постоењето на малцинствата, и член 4.1. кој кажува дека државите ќе обезбедат остварување на правата на малцинствата без дискриминација.

Овие права се исто така заштитени со Конвенцијата за Раси, МКГПП, и Конвенцијата Против Тортура.

Ромската заедница во Македонија ги сфаќа моменталните поблеми на државните власти, особено во првиот случај кој се случи за време на вооружениот конфликт. Со оваа интервенција би сакал да ја замолам Работната Група за Малцинства да им ги препорача на македонските власти следните акции:

Да обезбедат полицијата и судските институции да се придржуваат кон потребните процедури и закони, особено за обезбедување еднаков третман на сите гражани за да ги поттикнат релевантните институции и власти за спроведување на меѓународните инструменти и промоција на човековите права, особено Декларацијата за Малцински Права на ОН.

Да осигураат дека новата правна регулатива за полицијата и судството целосно се спроведува и дека полицајците се целосно обучени за правните одредби.

Да обезнедат дека полицијата спроведува правовремени и непристрасни истраги во случаи на вакви тврдења, и каде е соодветно, да гарантира праведни и соодветни надоместоци за жртвите.

Ви благодарам г-дине Претседавач.